Прирачник за корисници

# Подготвителни посети

# За секторската програма Леонардо да Винчи

# 2012

## Содржина:

**За што служи прирачникот**......................................................................................3

**Вовед во Програмата Леонардо да Винчи**............................................................3

- Основни податоци за Програмата Доживотно учење................................3
- Програма: Леонардо да Винчи......................................................................3
- Цели на програмата Леонардо да Винчи......................................................3

**Земји учесници во Програмата**..............................................................................5

**Што претставува Подготвителна посета**...............................................................5

**Кој може да аплицира за Подготвителна посета**..................................................7

**Времетраење**...............................................................................................................7

**Финансиска поддршка**..............................................................................................7

- Трошоци за патување......................................................................................7
- Дневни трошоци...............................................................................................7
- Трошоци за контакт семинар.........................................................................8
- Трошоци за лица со посебни потреби............................................................8

**Процес на финансирање**...........................................................................................9

**Како се оценува апликацијата**.................................................................................9

**Совети за добра апликација**......................................................................................9

**Краен рок**...................................................................................................................10

**Финансиски Договор**...............................................................................................10

**Финален извештај**....................................................................................................11

**Ревизија**......................................................................................................................11

**Каде да се најде апликацијата**................................................................................12

## ЗА ШТО СЛУЖИ ПРИРАЧНИКОТ?

Прирачникот служи за сите оние кои се занинтересирани да се информираат за акцијата Подготвителна посета од секторската програма Леонардо да Винчи, како и за тоа како да се аплицира и кои се моделите за поднесување на успешна апликација.

## ВОВЕД ВО ПРОГРАМАТА

- **Основни податоци за Програмата Доживотно учење (LLP)**

Програмата Доживотно учење им овозможува на лицата кои се во било кој степен од нивните животи да се вклучат во едукативни активности насекаде во Европа. Има четири програми кои се фокусираат на различни нивоа на образование и обука: КОМЕНИУС, ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ, ЕРАЗМУС, ГРУНДВИГ.

- **Програма: ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ**

**Леонардо да Винчи** програмата овозможува соработка во полето на стручното образование и обука. Основни цели на Леонардо да Винчи се првенствено овозможување на организациите кои се поврзани со стручно образование и обука да работат со европски партнери, да вршат размена на најдобрите практики, да ја зголемат стручноста на нивниот персонал, ученици, вработени итн. Затоа и ги поддржува напорите да се направи стручното образование поопривлечно за младите луѓе.

- Акциите во Леонардо да Винчи се поделени на две групи:

**Децентрализирани:** акции кои се во надлежност на Националните агенции, а тие се во целост одговорни за нивното имплементирање.

- Мобилност
    - -Подотвителни посети
    - -ИВТ - Почетна стручна обука;
    - -ПЛМ - Луѓе на пазарот на трудот;
    - -ВЕТПРО - Професионалци во стручно образование и обука.
- Партнерства
- Трансфер на иновации

**Централизирани:** акции кои се во надлежност на Извршна агенција за пobразование, култура и аудиовизуелна политика (Education, Audiovisual and Culture Executive Agency):

- Мултилатерални проекти: кои се наменети за подобрување на системите за обуки преку фокусирање на развојот на иновации и добро работење.

• Тематски мрежи: на експерти и организации кои работат во специфични подрачја поврзани со образование и обука.

• Придружни мерки: за промовирање на целите на програмата "Леонардо да Винчи".

- **Цели на програмата Леонардо да Винчи**

-Да ги поддржи учесниците во обука, при понатамошното обучување и употребата на знаењето, а со тоа за унапредување на личниот развој преку подобрувањето на способностите и квалификациите;

-Подобрување на квалитетот и поддршка на иновацијата во стручното образование и обука, во институции и претпријатија;

-Да ја заголеми атрактивноста на стручното образование и обука и мобилноста на вработените и физичките лица, како и да ја поддржи мобилноста на практикантите (стажанти).

**<u>Оперативни (работни) цели</u>**

- Да ја подобри и да ја зголеми мобилноста на луѓето низ Европа кои се вклучени во стручното образование и обука и во континуирана обука, да се зголеми бројот на стажирања во претпријатијата, за најмалку 80 000 стажанти во година, до крајот на програмата "Доживотно учење" (LLP-Lifelong Learning Programme) ;
- Да ја подобри и да ја зголеми соработката меѓу институциите и организациите, фирмите и социјалните партнери и другите релевантни тела низ Европа;
- Поддршка за развивање иновативни практики во полето на стручното образование и обука надвор од терцијално ниво, вклучувајќи трансфер од една држава во друга;
- Поддршка на транспарентноста и признавањето на квалификациите и знаењата, вклучувајќи ги и оние кои се здобиени преку неформално и информално учење;
- Да ги поттикне учесниците за учење модерни странски јазици;
- Да го поддржи развојот на иновативни компјутерски технологии, пристапи и примени на програмата "Доживотно учење" (LLP-Lifelong Learning Programme

**ЗЕМЈИ УЧЕСНИЦИ ВО ПРОГРАМАТА**

Земји учесници во програмата Леонардо да Винчи се:

- 27 земји-членки на Европската Унија (Австрија, Белгија, Бугарија, Велика Британија, Грција, Германија, Данска, Естонија, Ирска, Италија, Кипар, Литванија, Летонија, Луксембург, Малта, Полска, Португалија, Романија, Словенија, Словачка, Унгарија, Франција, Финска, Холандија, Чешка, Шпанија и Шведска).
- Исланд, Лихтенштајн Норвешка и Швајцарија (European Free Trade Association (EFTA-EEA) – т.е. оние кои се членки на Европската слободна трговска асоцијација и кои припаѓаат на Европскиот економски простор)
- Турција и Хрватска

**ШТО ПРЕТСТАВУВА ПОДГОТВИТЕЛНА ПОСЕТА**

Подготвителните посети им дозволуваат на потенцијалните партнери да се сретнат со цел:

- Дефинирање на предметот, целите и методологијата за иден проект
- Дефинирање улоги на партнерите, нивни задачи и одговорности во идниот проект
- Развивање на деловен план за иден проект, вклучувајќи методи за надзор, проценка и распределба
- Комплетирање на апликацијата за проектот

<u>Има два вида на Подготвителна Посета:</u>

- **Подготвителна посета**- Целта на Подготвителна Посета е партнерските организации да дискутираат и заеднички да развиваат скица на планираниот проект, како и отпочнување со изработка на нацрт за апликацијата. Бидејќи тие го структурираат начинот на поднесување на самиот проект, мора да се одржат пред неговата вистинска апликација. Максималното времетраење на воведната посета е 5 ноќи, без оглед дали се посетени една или две институции. Посетата треба да биде во земјата на една од земјите-членки на Програмата за Доживотно учење.

- **Контакт Семинари-** се организирани од различни Европски Национални Агенции во текот на една година. Овие семинари ги доведуваат заедно заинтересираните организации од различни земји кои учествуваат во Програмата Леонардо да Винчи. Работилниците ви даваат можност за

дискусија на избраната тема, запознавање со колегите од Европа и развивање на нови проектни идеи. Секој Контакт Семинар ќе биде фокусиран на специфична тема во врска со стручно образование и обука. *За списокот на Контакт семинари ќе можете да не контактирате.*

Можете да аплицирате за Подготвителна Посета, Леонардо Да Винчи преку следнава постапка:

- **Мобилност**

Постапката за Мобилност има цел да ја подобри способноста на работната сила во Македонија преку низа проектни активности. Вие можете да пратите практикант (обучувач) или луѓе на пазарот на трудот во друга Европска земја на работна позиција која ќе им се овозможи да добијат вистинско искуство и способности при вработувањето. ВЕТ (VET -Vocational education and training) професионалците исто така можат да земат учество во привремени сместувања со цел да учат од нивните колеги во други Европски земји. Вработувањето ќе придонесе за нивниот личен развој, и тие ќе бидат во можност да учат нови вештини и начини на работење кои би ги имплементирале во нивната работа назад во Македонија.
Проектите за Мобилност можат да бидат мали, средни или од големи размери.

- **Партнерство**

Проектите за Партнерство се нови во програмата Леонардо Да Винчи. Целта на овој проект е поттикнување на соработката преку мали размени и размена на информации меѓу организациите низ Европа (од земјите-членки). Значи Проектот ви дозволува да работите со партнерите, да споделите пракси, да ги дискутирате проблемите и да се споредувате решенија на специфични теми поврзани со стручното образование и обука.

- **Трансфер на иновации (ТоИ)**

Проектите за трансфер на иновации се проекти со големи размени кои се фокусирани во прилагодување на иновативни материјали за обуки или методологии за потребите на учениците и бизнисите во земјите-членки.

## КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА НА ПОДГОТВИТЕЛНА ПОСЕТА

Секоја јавна, приватна или полу-јавна организација која е вклучена во стручното образование и обука и која е легално регистрирана во една од учесничките држави може да аплицира за грант за Подготвителна посета.

Примерите на организации кои можат да аплицираат, го вклучуваат следното:

- Институции или организации кои обезбедуваат можности за учење во полињата покриени од Леонардо да Винчи Програмата
- Асоцијации и претставници вклучени во стручното образование и обука, вклучувајќи и асоцијации на обучувачи, родители и наставници
- Компании, социјални партнери и други претставници на работниот живот, вклучувајќи стопански комори и други трговски организации
- Тела кои обезбедуваат насочување, советување и информациски услуги во однос на било кој аспект од доживотното учење
- Тела одговорни за системи и политики кои се однесуваат на било кој аспект од доживотното учење, стручно образование и обука на локално, регионално или национално ниво
- Истражувачки центри и тела зафатени со прашањата за доживотно учење
- Високо-образовни институции
- Не-профитни организации, волонтерски тела, невладини организации.

**Минимален број на земји-** не е одредено

**Минимален број на партнери-** не е одредено

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ**
Минимално времетраење – 1 ден
Максимално времетраење – 5 дена

**ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА**

Грантот обезбедува придонес во трошоците на вашата активност, до максимум 1100евра. Максималното траење на Подготвителната посета е 5 ноќи (нормално вклучувајќи го времето за патување).

Во текот на една година ние ќе финансираме само една Подготвителна посета или еден Контакт семинар по организација, односно по програма. Само еден учесник од организација може да биде финансиран. Како и да е, во исклучителни околности ние може да доделиме грантови за 2 колеги од организација да присуствуваат, но вие мора да обезбедите навистина цврста причина. Еден пример од ова може да биде кога учесникот има специјални потреби и може да му е потребен колега или помошник да го придружува.

**Трошоци за патување**: Тие се базирани на реални трошоци и грантот нормално ќе покрие 100% од сите патни трошоци со најекономичната форма на користен транспорт. Вие нема да бидете во можност да барате повеќе од тоа што го имате прикажано во делот за патни трошоци во вашиот договор.

Ве молиме чувајте ги како доказ сите сметки од трошоците (boarding passes, receipts, invoices) поради тоа што ова ќе биде побарано од наша страна.

**Дневни трошоци:** Ги покриваат трошоците за сместување и дневните трошоци, вклучувајќи издатоци за локални/регионални патувања во текот на периодот на мобилност во странство. Овие трошоци можат да бидат зголемени во случај на неспособни, хендикепирани учесници (пример луѓе кои се хендикепирани или имаат специјални потреби кога патуваат и им е потребно да имаат помошник да ги придружува во текот на посетата). Потребата за зголемена сума ќе биде одобрена врз база на информациите обезбедени во апликациската форма, значи вие мора да споменете било која релевантна информација во фазата на аплицирање.

Патничкото осигурување е покриено во рамките на овие трошоци. Вие може да го барате ова како дополнителен трошок и треба јасно да го побарате ова во секцијата за буџет во апликациската форма.

**Трошоци за контакт семинар** (вклучувајќи и дневни трошоци): Повеќето Контакт семинари имаат „all in“ пакет за трошоци за учество и живот, и доколку ова е случај, нема потреба да се пресметуваат дополнителни дневни трошоци. Ве молиме забележете дека само во исклучителни околности ние може да финансираме екстра дневни трошоци на врвот на трошоците за контакт семинар (пример ако нема можност да се патува на денот пред или после семинарот).

**Трошоци за лица со посебни потреби:** Финансирањето може да се обезбеди во случај кога еден од учесниците има инвалидитет или други специфични потреби за кои ќе бидат направени дополнителни трошоци. Лице со посебни потреби се дефинира како потенцијален учесник чија индивидуална физичка, ментална или здравствена ситуација е таква што неговото/нејзиното учество во проектот нема да биде возможно без дополнителна финансиска поддршка. Дополнителниот грант ќе се разгледува случај по случај и врз основ на реално настанатите трошоци. Ситуацијата треба да се опише, како и конкретните потреби и дополнителни трошоци кои ќе бидат додадени треба да бидат детално објаснети во апликацијата. Врз основ на овие објаснувања, ќе биде утврдена достапноста на средствата односно дали ќе биде доделена дополнителната поддршка.

## ПРОЦЕСОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Уплатата содржи два дела:

- Пред- финансиска уплата од 80% од целосната сума (пред да почне подготвителната посета) и другиот дел од 20% откако ќе се одобри завршниот извештај (еден месец по враќањето), или како
- Една полна исплата (која следи после одобрениот завршен извештај).

Ако конечниот износ е поголем од износот кој Вашата институција го добила како пред-финансирање (80%), остатокот ќе Ви биде исплатен во рок од 3 недели.

Ако конечниот износ е помал од износот кој Вашата институција го добила како пред-финансирање (80%), Вашата институција мора да го почитува рокот од 3 недели да ги врати средствата во Националната Агенција.

## КАКО СЕ ОЦЕНУВА АПЛИКАЦИЈАТА

По прифаќањето на вашата апликација (во печатена форма), проектот ќе биде подложен на проверка низ процес за оценување на квалитетот. Ние ќе ве известиме за резултатите, приближно, за три недели подоцна. Како и да е, учесниците ќе бидат известени за резултатите од контакт семинарот по завршувањето на крајниот рок.

## СОВЕТИ ЗА ДОБРА АПЛИКАЦИЈА

Осигурете се дека сите потребни критериуми се застапени.

- Јасно истакнете го типот на акцијата за која вие планирате да аплицирате во иднина ( пример: подготвителни посети, мобилност, партнерство или трансфер на иновации)
- Осигурете се дека секцијата за буџет од апликациската форма е јасна и целосна
- Осигурете се дека секцијата за содржина на посета е целосно пополнета
- Целосно пополнете ја декларациската (declaration) секција со релевантни потписи и печат од самата институција.
- Читајте го водичот што е релевантен на акцијата за која вие планирате да аплицирате во 2012. Јавете се, да добиете повеќе информации за оваа акција.

**Инструкции за соодветно поднесување на апликација**

- Апликациите се предаваат во писмена форма
- Апликантите не можат да прават измени на апликацијата за грант по истекување на крајниот рок за поднесување.
- Апликациите на организации може да се поднесуваат само од страна на правни лица. Тие мора да содржат потпис на лицето кое е законски овластено да го претставува тоа правно лице (овластен потписник) за законските обврски.
- Вие треба да вклучите целосни детали на вашата предлог активност во апликацијата.

**КРАЕН РОК**

За аплицирање за оваа акција повикот е отворен во текот на целата година, но апликациите треба да се поднесат најмалку 8 недели пред активноста.

Крајниот датум за сите апликации за подготвителни посети за 2012 е 30 ноември 2012 (ова вклучува посети кои ќе се одржат во јануари 2013).

**ФИНАНСИСКИ ДОГОВОР**

Доколку Вашиот проект е одобрен, Националната Агенција ќе Ви достави Договор за финансиска поддршка – грант кој ќе ги дефинира правата и обврските и на Националната Агенцијата и на корисниците, како и условите за исплата на финансиските средства (исплата, контрола, известување и т.н.). Националната Агенција на одбраната институција и доставува два примерока од Договорот, кој треба да биде потпишан од овластено лице и вратен по препорачана пошта назад во Националната Агенција.

Договорот стапува на сила откако законскиот застапник на Националната Агенција ги потпише и датира двата примероци. Потоа, еден примерок од Договорот се доставува по пошта до одобрената институција. По потпишувањето на Договорот, доаѓа до исплата на средствата. Пред почетокот на спроведувањето на активностите, Националната Агенција исплаќа 80% од одобрените средства, што се нарекува предфинансирање. Времетраењето на Договорот за финансиска поддршка се поклопува со периодот потребен за спроведување на предвидените активности, како и со периодот во кој ќе настанат трошоци кои се подобни да бидат покриени од грантот.

**ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ**

Сите проекти со договорот се обврзани да доставаат финален извештај не подоцна од 1 месец после периодот на активноста.
Кога НА ќе го процени вашиот Финален извештај ќе добиете повратен финален извештај, заедно со финалната рата за непотрошениот грант.
Не поднесување на финалниот извештај ќе резултира со повлекување на сите средства од вашиот Леонардо да Винчи грант од страна на НА.

**РЕВИЗИЈА**

Мора да поставите соодветен сметководствен систем кој ги идентификува сите извори на финансирање и трошоци поврзани со проектот и настанати за времетраење на договорниот период. Европската Комисија може да бара надворешна ревизија или желба да организираат случајна проверка на проектните сметки после завршувањето на проектот. Од вас секако се бара да ги чувате сите оригинални документи поврзани со имплементацијата и финансискиот менаџмент на проектот за период од 5 години после последната исплатена сума.

**КАДЕ ДА СЕ НАЈДЕ АПЛИКАЦИЈАТА**

Апликациите за Подготвителна посета ќе можете да ги најдете на Веб-страната на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (www.na.org.mk).